Врз основа на точките I., II, IV и VI од Одлуката за начинот на користење и управување на салите во општинските основни и средни училишта: ОУ „Св.Кирил и Методиј" -Кочани, ОУ „Никола Карев"- Кочани, ОУ „Крсте П.Мисирков"-Оризари, ОУ „Малина Попиванова" – Кочани донесена од Советот на Општина Кочани под број 09-819/1 од 06.04.2023 година („Службен гласник на Општина Кочани бр.4/2023, бр.5/2023 и бр.9/2023") ОУ „Св.Кирил Методиј" – Кочани на ден 04.09.2023 година објавува

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Основно училиште
Св.Кирил и Методиј
Бр. 03-359/1
04.09 20 год.
КОЧАНИ

**ЈАВЕН ПОВИК**

за учество на јавно наддавање за распределба на термини за користење на Спортската сала
во ОУ „Св.Кирил Методиј" – Кочани

1. **Предмет на овој јавен повик е**: Учество на јавно наддавање за распределба на термините за користење на Спортската сала во ОУ„Св.Кирил Методиј" – Кочани. За користење на Спорската сала во ОУ „Св.Кирил Методиј" – Кочани се распределуваат следните термини :

| **Работни денови :** | **Понеделник** | **Вторник** | **Среда** | **Четврток** | **Петок** |
|---|---|---|---|---|---|
| **1 термин** | од 18:30 до 19:30 часот | од 18:30 до 19:30 часот | од 18:30 до 19:30 часот | од 18:30 до 19:30 часот | од 18:30 до 19:30 часот |
| **2 термин** | од 19:30 до 20:30 часот | од 19:30 до 20:30 часот | од 19:30 до 20:30 часот | од 19:30 до 20:30 часот | од 19:30 до 20:30 часот |
| **3 термин** | од 20:30 до 21:30 часот | од 20:30 до 21:30 часот | од 20:30 до 21:30 часот | од 20:30 до 21:30 часот | од 20:30 до 21:30 часот |
| **4 термин** | од 21:30 до 22:30 часот | од 21:30 до 22:30 часот | од 21:30 до 22:30 часот | од 21:30 до 22:30 часот | од 21:30 до 22:30 часот |

| **Неработни денови :** | **Сабота** | **Недела** |
|---|---|---|
| 1 термин | од 9:00 до 10:00 часот | од 9:00 до 10:00 часот |
| 2 термин | од 10:00 до 11:00 часот | од 10:00 до 11:00 часот |
| 3 термин | од 11:00 до 12:00 часот | од 11:00 до 12:00 часот |
| 4 термин | од 12:00 до 13:00 часот | од 12:00 до 13:00 часот |
| 5 термин | од 13:00 до 14:00 часот | од 13:00 до 14:00 часот |
| 6 термин | од 14:00 до 15:00 часот | од 14:00 до 15:00 часот |
| 7 термин | од 15:00 до 16:00 часот | од 15:00 до 16:00 часот |
| 8 термин | од 16:00 до 17:00 часот | од 16:00 до 17:00 часот |
| 9 термин | од 17:00 до 18:00 часот | од 17:00 до 18:00 часот |
| 10 термин | од 18:00 до 19:00 часот | од 18:00 до 19:00 часот |
| 11 термин | од 19:00 до 20:00 часот | од 19:00 до 20:00 часот |
| 12 термин | од 20:00 до 21:00 часот | од 20:00 до 21:00 часот |
| 13 термин | од 21:00 до 22:00 часот | од 21:00 до 22:00 часот |

2. **Почетна цена на наддавање:**

Надоместокот за користење на салата за спортските здруженија односно клубови ќе се плаќа од тренинг односно за време од 90 минути, а за рекреативците за време од 60 минути.

**2.1.** За спортските здруженија (клубови): по завршување на наставата во училиштата се определува почетна цена од 520,00 денари, за во деновите на викенд исто така почетна цена од 520,00 денари.

**2.2.** За група рекреативци: по завршување на наставата во училиштата се определува почетна цена од 520,00 денари, а во деновите на викенд почетна цена од 650,00 денари.

3. **Ден и место на одржување на јавното наддавање**

**3.1.** **Јавното наддавање ќе се одржи на ден 06.09.2023 година во Наставничката канцеларија во ОУ „Св.Кирил и Методиј" -Кочани со почеток во 10:00 часот.**

Јавното наддавање ќе го спроведе Комисија формирана од директорот на училиштето. За јавното наддавање комисијата ќе води записник кој ќе го достави до директорот на училиштето.

4. **Услови за учество на јавното наддавање и уплата на депозит:**

**4.1.** На јавното наддавање можат да се јават само спортски клубови кои се натпреваруваат во лига или друг систем на државни натпревари.

Доколку нема заинтересирани клубови кои се натрпреваруваат во лига или друг систем на државни натпревари на јавното наддавање право на учество имаат и здруженија на граѓани и рекреативци.

**4.2.** За да може да учествува на јавното наддавање **секој понудувач треба да уплати депозит во износ од 12.000,00 денари** на сметката на училиштето и тоа на:

- Жиро сметка во **НБРМ**: 7360105398787718
- Приходна шифра: 723119
- Програма N1

**4.3. Клубовите и спортските здруженија кои сакаат да земаат учество на оваа лицитација во своите клубови на ниту една позиција , ниту како сопственик , ниту како управител , ниту како тренер , ниту на било која друга позиција во клубот НЕ смеат да имаат лице кое е вработено во ОУ„Св.Кирил и Методиј"-Кочани.**

**4.4. Ако понудувачот нема уплатено депозит нема право да учествува на јавното наддавање.**

**4.5. Доколку најповолниот не го склучи договорот со директорот на училиштето за користење на салата за термините за кој понудил највисока цена го губи правото да му се врати депозитот.**

**4.6. Минимален чекор на наддавање изнесува 100 денари.**

3. **Документи кои се поднесуваат:**
   - Пријава за учество (образецот е во прилог на повикот),
   - Изјава за давање согласност за заштита на лични податоци (образецот е во прилог на повикот),
   - Изјава за прифаќање на условите по овој повик (образецот е во прилог на повикот),
   - Доказ (уплатница за уплатен депозит)

4. **Крајниот рок за прием на пријави по овој повик е: Пријавата за учество на јавно наддавање се поднесува до Комисијата за јавно наддавање во ОУ „Св.Кирил и Методиј" -Кочани до 06.09.2023 година до 10:00 часот**

Кочани, 04.09.2023 година

**Комисија за јавно наддавање**
**Претседател**
**Марија Николова**

*Образец на пријава*

# ПРИЈАВА

за учество на јавно наддавање за распределба на термини
за користење на Спортската сала
во ОУ „Св.Кирил Методиј“ – Кочани

I.Податоци за подносителот на Пријавата:

I.1. Име и Презиме на претставникот на спортскиот клуб /група рекреативци / подносителот на пријавата: ______________________________________

I.1.1. Пријавата ја поднесувам за распределба на термини за користење на салата за следниот клуб (да се напише и заокружи):

- **спортски клуб (спортско здружение)** ______________________________________ (назив)

**- група рекреативци.**

I.2. Контакт информации

- Адреса: ____________________________________________________________
- Телефон: ___________________________моб.тел.________________________
- Е-пошта: ____________________________________________________________
- Лице за контакт: _____________________________________________________

I.3. Одговорно лице: __________________________________________________________

I.4. Даночен број: _________________________________ЕМБС:___________________

1.5. Ж.с-ка бр. __________________________Депонент на ____________________Банка

**1.6. Кон пријавата приложувам:**

**- уплатница во оригинал за уплата на депозит во износ од 12.000 денари на сметката на училиштето,**

- Изјава за давање согласност за лични податоци и
**- Изјава за прифаќање на условите по објавен јавен повик**

**Дата:**_______________

**Подносител на пријавата**

________________________**(име и презиме)**

____________________**(потпис)**

Изјава за давање согласност за лични податоци

Јас ________________________________________ (Име и презиме на одговорното лице) во согласност со одредбите од Законот за заштита на личните податоци давам согласност **ОУ „Св.Кирил и Методиј“ -Кочани** да може да ги користи, обработува и чува моите лични податоци и податоците на **спортскиот клуб (спортското здружение) / група рекреативци** _______________________________________ (назив на спортскиот склуб/здружение) кои ги имам доставено кон пријавата по Јавниот повик за учество на јавно наддавање за распределба на термини за користење на салата во ОУ „Св.Кирил Методиј“ – Кочани, за оставрување на целите на оваа постапка.

Изјавил,

______________________(потпис)

Дата: _____________________

Изјава
за прифаќање на условите по објавен јавен повик

Јас ______________________________________ (Име и презиме на одговорното лице) на **спортски клуб (спортско здружение**) / **група рекреативци** ____________________________________________________ (назив)

изјавувам дека ги прифаќам условите по објавениот јавен повик од **ОУ „Св.Кирил и Методиј“ -Кочани** за учество на јавно наддавање за распределба на термини за користење наСпортската сала во ОУ „Св.Кирил Методиј“ – Кочани.

Исто така изјавувам дека како сериозен понудувач ќе го склучам договорот со директорот на училиштето за термините за кој понудив највисока цена, а доколку не го склучам договорот го губам правото на враќање на уплатениот депозит.

Изјавил,
____________________(потпис)

Дата: ____________________

Сл. г. бр 4/2023

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 06.04 .2023 година, донесе

# Одлука
## за начинот на користење и управување на салите во општинските основни и средни училишта: ОУ„Св.Кирил и Методиј"-Кочани, ОУ„Никола Карев"-Кочани, ОУ„Крсте П. Мисирков"- Оризари, ОУ„Малина Попиванова"- Кочани и СОУ „Гошо Викентиев

I.

Со оваа одлука се уредува начинот на користење и управување на салите во општинските основни и средни училишта: ОУ„Св.Кирил и Методиј"-Кочани, ОУ„Никола Карев"-Кочани, ОУ„Крсте П. Мисирков"- Оризари и ОУ„Малина Попиванова"- Кочани и СОУ „Гошо Викентиев и се утврдуваат почетните цени за користење на салите кои цени ќе бидат основ за спроведување постапки за јавно наддавање по термини на користење.

II.

„За користење на салата во ОУ„Св.Кирил и Методиј"-Кочани, ОУ„Никола Карев"-Кочани и ОУ„Крсте П. Мисирков"- Оризари , заинтересираните корисници ќе плаќаат надоместок во следните износи:
1.Спортските здруженија (клубови):
- по завршување на наставата во училиштата - 520,00 денари- почетна цена.
- во деновите на викенд - 520,00 денари- почетна цена.

2.Група рекреативци:
- по завршување на наставата во училиштата - 520,00 денари- фиксна цена.
- во деновите на викенд - 650,00 денари фиксна цена.
- сауна- 300,00 денари- фиксна цена..

3.ОУ „Св. Кирил и Методиј", ОУ„Никола Карев"-Кочани, ОУ„Крсте П. Мисирков"- Оризари и Сојузот на училишните спортови се ослободуваат од плаќање надоместок.
Надоместокот за користење на Салите за спортските здруженија односно клубови ќе се плаќа од тренинг односно за време од 90 минути, а за рекреативците за време од 60 минути.
Изнајмувањето на спортските сала за други манифестации ќе се врши по цена од 6. 500,00 денари од настап- фиксна цена..
Изнајмувањето на Спортските сала за одигрување на натпревари надвор од лига од страна на клубовите ќе се врши по цена :
- до 1 час - 650,00 денари- фиксна цена.
- за секој нареден час уште по 650,00 денари- фиксна цена.

III.

За користење на салата во ОУ„Малина Попиванова"- заинтересираните корисници ќе плаќаат надоместок во следните износи:
. Спортските здруженија (клубови):
- по завршување на наставата во училиштата - 3250,00 денари- почетна цена.
- во деновите на викенд - 325,00 денари- почетна цена.

2. Група рекреативци:
- по завршување на наставата во училиштата - 520,00 денари- фиксна цена.
- во деновите на викенд - 650,00 денари -фиксна цена.

3. ОУ „Малина Попиванова" – Кочани и Сојузот на училишните спортови се ослободуваат од плаќање надоместок".
Надоместокот за користење на Салите за спортските здруженија односно клубови ќе се плаќа од тренинг односно за време од 90 минути, а за рекреативците за време од 60 минути.
Изнајмувањето на спортските сала за други манифестации ќе се врши по цена од 6. 500,00 денари од настап- фиксна цена..

Изнајмувањето на Спортските сала за одигрување на натпревари надвор од лига од страна на клубовите ќе се врши по цена :
- до 1 час - 650,00 денари- фиксна цена.
- за секој нареден час уште по 650,00 денари- фиксна цена.

IV.

За користење на салата во СОУ„Гошо Викентиев"-Кочани, заинтересираните корисници ќе плаќаат надоместок во следните износи:

1.Спортските здруженија (клубови):
- по завршување на наставата во училиштата – 520,00 денари- почетна цена..
- во деновите на викенд – 520,00 денари- почетна цена.
2.Група рекреативци:
- по завршување на наставата во училиштата – 520,00 денари- фиксна цена.
- во деновите на викенд – 650,00 денари- фиксна цена.
3. СОУ„Гошо Викентиев" – Кочани и Сојузот на училишните спортови се ослободуваат од плаќање надоместок.
Надоместокот за користење на Салите утврден во точка 1 од овој Ценовник за спортските здруженија односно клубови ќе се плаќа од тренинг односно за време од 90 минути, а за рекреативците за време од 60 минути.
Изнајмувањето на спортските сала за други манифестации ќе се врши по цена од 5. 000,00 денари од настап- фиксна цена..
Изнајмувањето на Спортските сала за одигрување на натпревари надвор од лига од страна на клубовите ќе се врши по цена :
- до 1 час – 650,00 денари- фиксна цена.
- за секој нареден час уште по 650,00 денари"- фиксна цена..

V.

Спортските манифестации со хуманитарен карактер се ослободуваат од надоместок.

VI.

Јавното наддавање општинските основни и средни училишта го спроведуваат во месец август и заинтересираните корисници ќе можат да ги користат салите до 30 мај наредната година.

VII.

Со влегувањето во сила на оваа одлука престануваат да важат:
-Ценовникот за користење на салите во градот Кочани дадени на користење и управување на ОУ„Св.Кирил и Методиј"- Кочани, ОУ„Никола Карев"- Кочани и ОУ„Крсте Петков Мисирков" с.Оризари – Кочани („службен гласник на Општина Кочани" бр.07/2013, 11/2016 и 13/2022)
-Ценовникот за користење на салата во СОУ„Гошо Викентиев"- Кочани („Службен гласник на Општина Кочани" бр.15/2018) и
- Ценовникот за користење на салата во ОУ„Малина Попиванова"- Кочани („Службен гласник на Општина Кочани" бр.11/2018).

VIII.

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани"..

Бр.09-819/1
06.04..2023 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани,
Лазо Митев

Сл.г. бр.5/2023

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 31.05 .2023 година, донесе

**Одлука**

**за изменување и дополнување на Одлуката за начинот на користење и управување на салите во општинските основни и средни училишта: ОУ„Св.Кирил и Методиј"-Кочани, ОУ„Никола Карев"-Кочани, ОУ„Крсте П. Мисирков"- Оризари, ОУ„Малина Попиванова"- Кочани и СОУ „Гошо Викентиев**

I.

Во Одлуката за начинот на користење и управување на салите во општинските основни и средни училишта: ОУ„Св.Кирил и Методиј"-Кочани, ОУ„Никола Карев"-Кочани, ОУ„Крсте П. Мисирков"- Оризари, ОУ„Малина Попиванова"- Кочани и СОУ „Гошо Викентиев („Службен гласник на општина Кочани" бр.04/2023) се врши следното изменување и дополнување:

Во точка VI. После ставот 1 се додаваат став 2 и став 3 кои гласат:

На јавното наддавање може да се јават само спортски клубови кои се натпреваруваат во лига.

Доколку нема заинтересирани клубови кои се натпреваруваат во лига на јавното наддавање право на учество имаат и здруженија на граѓани и рекреативци.

II.

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани".

Бр.09-1108/1
31.05.2023 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани,
Лазо Митев

3 Сл.гл.бр.9/2023

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 31.08 .2023 година, донесе

Одлука
за изменување и дополнување на Одлуката за начинот на користење и управување на салите во општинските основни и средни училишта: ОУ„Св.Кирил и Методиј"-Кочани, ОУ„Никола Карев"-Кочани, ОУ„Крсте П. Мисирков"- Оризари, ОУ„Малина Попиванова"- Кочани и СОУ „Гошо Викентиев

I.

Во Одлуката за начинот на користење и управување на салите во општинските основни и средни училишта: ОУ„Св.Кирил и Методиј"-Кочани, ОУ„Никола Карев"-Кочани, ОУ„Крсте П. Мисирков"- Оризари, ОУ„Малина Попиванова"- Кочани и СОУ „Гошо Викентиев („Службен гласник на општина Кочани" бр.04/2023 и 05/2023) се врши следното дополнување:

Во точка VI.во ставот 1 после зборовите „месец август" се додаваат зборовите: „или месец септември".

Во точка VI. После ставот 1 се додаваат став 1а кој гласи:

Јавното наддавање се спроведува со физичко присуство на понудувачите во училиштата кои го организираат и спроведуваат наддавањето, а понудувачите се должни да депонираат депозит чија висина и чекорот на јавното наддавање го определува училиштето и доколку најповолниот понудувач не го склучи договорот го губи правото да му се врати депозитот .

Во точка VI. Ставот 2(два) се дополнува со зборовите „или друг систем на државни натпревари".

Во точка VI. Ставот 3(три) се менува и гласи:

Доколку нема заинтересирани клубови кои се натпреваруваат во лига или друг систем на државни натпревари на јавното наддавање право на учество имаат и здруженија на граѓани и рекреативци.

II.

Се задолжува општинската администрација да изготви пречистен текст на одлуката и да ја објави во Службен гласник на Општина Кочани.

III.

Одлуката влегува во сила со денот на ндонесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани".

Бр.09-1580/1
31.08.2023 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани,
Лазо Митев